**ИЗВРШИТЕЛ**
**Валентина Спасова-Јованова**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Штип и Свети Николе**
**ул.Браќа Миладинови бр.4/А**
**тел. 032-387-387;**
**valentinasj@t.mk**

**Образец бр.66**

**И.бр. 850/2012**

Извршителот Валентина Спасова-Јованова од Штип, ул.Браќа Миладинови бр.4/А врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Антонио Салтиров од Штип, засновано на извршната исправа ГЖ.бр.758/12 од 13.06.2012 година на Апелационен суд Штип, против должниците Блашка Причкова од Штип, Горан Причков од Штип и Рената Трајкова од Штип законски наследници на Иван Причков од Штип, врз основа на оставинско решение О.бр.404/2015 УДР.бр.60/2015 од 01.06.2016 година на Нотар Искра Кировска од Штип, за спроведување на извршување на ден 10.02.2025 година го донесува следниот:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со **прво** усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

-парцела 4428, дел 0, адреса ЕНГЕЛСОВА БР.27, број на зграда 1, намена на згр. А2-1, влез 1, кат К2, број 12, собност 0, намена на посебен/заеднички дел СТ, внатрешна површина од 52 м2, право на недвижност сосопственост, запишана во имотен лист бр. 9483 за КО Штип3, сопственост на Блашка Причкова од Штип, Горан Причков од Штип и Рената Трајкова од Штип,

-парцела 4428, дел 0, адреса ЕНГЕЛСОВА БР.27, број на зграда 1, намена на згр. А2-1, влез 1, кат ПО, број 12, собност 0, намена на посебен/заеднички дел П, внатрешна површина од 6 м2, право на недвижност сосопственост, запишана во имотен лист бр. 9483 за КО Штип3, сопственост на Блашка Причкова од Штип, Горан Причков од Штип и Рената Трајкова од Штип

Продажбата ќе се одржи на ден **07.03.2025** година во **13,00** часот во просториите на Извршител Валентина Спасова Јованова Штип, на ул.Брака Миладинови бр.4 А во Штип.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.850/2012 од 21.10.2024 година изнесува **2.444.582,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености нема. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 380911375801165 која се води кај ПроКредит Банка АД Скопје и даночен број 5029006106087.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 8 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Слободен Печат и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Валентина Спасова-Јованова

Д.-на: доверител
должник
Град Штип - Сектор за финансии
Одделение за наплата на даноци,
такси и други надоместоци

ИЗВРШИТЕЛ
ШТИП

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд Штип согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.